ЛОКАЛНА УСТАНОВА
НАРОДЕН МУЗЕЈ
Бр. 01-31/1
21.02 2023 год.
ВЕЛЕС

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**

**ЛОКАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС**



# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

## за работата на Локалната установа Народен музеј - Велес за 2022 година

Велес,
Февруари 2023 година

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЛОКАЛНАТА УСТАНОВА НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС ЗА 2022 година за сметка 7110109393 903 19**

| Ред. број | Приходи и трошоци во работењето | | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | I .Приходи од наменски дотации од општината | | 6.661.044,00 |
| | 741120-Приходи за плата | 4.801.972,00 | |
| | 741120-Приходи за набавка на опрема | 848.940,00 | |
| | 741120-Приходи за материјални трошоци | 796.830,00 | |
| | 741120-Приходи за осигурување на недвижности | 10.049,00 | |
| | 741/20-Приходи за отпремнина за пензинирање | 62.814,00 | |
| | 741120-Приходи за надомест за смрт на член на фамил | 31.407,00 | |
| | 741120-Приходи за изработка на проект за панели | 109.032,00 | |
| | II.Трошоци | | 6.661.044,00 |
| 1. | 401 - Основни плати и надоместоци | | 3.457.406,00 |
| | 401130- Основни плати за вработени | 3.198.699,00 | |
| | 401310 -Персонален данок од плата | 258.707,00 | |
| 2. | 402 - Придонеси за социјално осигурување | | 1.344.566,00 |
| | 402110- Основен придонес за ПИО | 902.762,00 | |
| | 402210- Основен придонес за здравство | 362.345,00 | |
| | 402220-Основен придонес за проф.заболување | 21.836,00 | |
| | 402310-Основен придонес за вработување | 57.623,00 | |
| 3. | 420- Патни и дневни трошоци | | 200,00 |
| | 420120-Патни трошоци | 200,00 | |
| 4. | 421- Комунални услуги | | 483.446,00 |
| | 421110- Електрична енергија | 347.139,00 | |
| | 421120- Вода и канализација | 105.825,00 | |
| | 421310- Пошта | 5.679,00 | |
| | 421320-Телефон и телефакс | 10.428,00 | |
| | 421420-Регистрација на моторно возило | 12.487,00 | |
| | 421430-Транспорт на стоки( слики) | 1.888,00 | |
| 5. | 423- СИ,алати др. материјали | | 104.149,00 |
| | 423110- Канцелариски материјали | 20.730,00 | |
| | 423210- Материјали за АОП | 2.600,00 | |
| | 423710- Средства за одржување на хигиена | 14.010,00 | |
| | 423810-Ситен инвентар | 21.949,00 | |
| | 423990- Други материјали | 44.860,00 | |
| 6. | 424 - Поправка и тековно одржување | | 13.066,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | 424210-Одржување на згради 1.325,00<br>424440-Поправка и оржување на друга опрема 11.741,00 | |
| 7. | 425-Договорни услуги<br>425250-Осигурување на недвижности 10.049,00<br>425640_Изработка на проект 109.032,00<br>425990- Други договорни услуги 164.014,00 | 283.095,00 |
| 8. | 426-Други тековни расходи<br>426210-Расходи за репрезентација 5.521,00<br>426310_Семинари и материјали 15.000,00<br>426410-Објавување на огласи 2.832,00<br>426990 -Други оперативни трошоци 8.602,00 | 31.955,00 |
| 9. | 464-Разни трансвери<br>464940_Трансвери при пензионирање 62.814.00<br>464990-Надомест за смрт на член на семејството 31.407,00 | 94.221,00 |
| 10. | 480-Купување на опрема и машини<br>480190-Купување на друга опрема 848.940,00 | 848.940,00 |
| | | |

## Образложение за жиро сметка 7110109393 903 19

Во изминатата 2022 година преку сметката за наменски дотации на Општина Велес 711010939390319, на Локалната установа Народен музеј Велес од страна на Министерството за култура и беа одобрени вкупно 13.124.487,00 ден. Од овој одобрен износ 507.530,00 денари вратени се во Министерството за финансии и 5.955.913,00 се остаток пренесен за 2023 година. Реализирани во текот на 2022 година се вкупно 6.661.044,00 денари, како што може да се види од приложениот финансиски извештај на следниве намени:

- За исплата на плата со персонален данок 3.457.406,00, за придонеси за социјално осигурување се потрошени 1.344,566,00 денари.

- За патни трошоци на вработените се потрошени 200,00 денари.

- За исплата на комуналните услуги (електрична енергија, вода, пошта, телефон, за регистрација на возило и транспорт на слики) потрошени се вкупно 483.446,00 денари.

- Од контото 423 - Ситен инвентар, алати и други материјали за потребите на работењето исплатени се вкупно 104.149,00ден, од кои 20.730,00 ден.исплатени се за канцелариски материјали, за набавка на материјали за АОП (тонери, глувче, тастатури)

потрошено е 2.600,00ден., за средства за хигиена исплатени се 14.010,00; за набавка на ситен инвенар (6 ППА исплатено е 14.400,00 за правосмукалка потрошено е 5.399,00 денари, за ланци за возило и елек 2.150,00 ден.) за материјали за разни поправки исплатени се 44.860,00 ден.(набавени се: брави, неонки, батерии, клучеви, цвеќе, силикон, конец за закачување на слики и други материјали за поправки во Спомен куќите во Васил Главинов, Кочо Рацин, Горно Врановци и Костурница и зградата на Музејот).

- За поправки и тековно одржување исплатени се вкупно 13.066,00 ден, од кои за одржување на згради исплатено е 1.325,00 ден. за поправки на електрична инсталација. За поправка на друга опрема исплатено е вкупно 11.741,00 ден. (сервис на ПП апарати, контрола и нивно полнење 4.425,00ден. и 7.316,00ден. демонтирање и монтирање на лед светилки за изложбените витрини на археолошкото одделение).

- За договорни услуги исплатени се вкупно 283.095,00 ден по следниве намени:
  - За осигурување на градежни објекти (Музеј со спомен куќи, осигурување на компјутерска и друга опрема од пожар и кражби) исплатени се 10.049,00,ден.
  - Изработен е проект за фотоволтаици во износ од 109.032,00 ден.

- Средствата евидентирани на контото 425990 - Други договорни услуги во износ од 164.014,00 ден. се потрошени за исплата по договор за вршење на повремени работи за услуги за извршување на работи во објектите на музејот за кои нема вработени. Исплатено е вкупно 147.824,00 ден. за следниве намени: за хигиеничар 41.714,00ден. за лице за спроведување на е-набавки исплатено е 17.361,00 ден., за сметководствени и благајнички работи 83.328,00 ден. и 21.611,00 ден. за исплати на членови на Управен одбор за учество на седници во текот на 2022 година.

- Од конто 426 - Други тековни расходи исплатени се вкупно 31.955,00ден. за следниве намени: за репрезентација се исплатени 5.521,00 (за изложбите организирани од страна на музејот), за обуки на вработени за програмот за музејски добра исплатено е 15.000,00 ден. за објавување на огласи во Бирото за јавни набавки и локалните медиуми исплатени се 2.832,00 ден.
  - За останати оперативни расходи исплатен е износ од 8.602,00 ден.(за обнова на дигитален потпис на претседател на комисија за јавни набавки и на директор 5.602,00 и 3.000,00ден. за озвучување при реализација на изложби на слики.)

- Од конто 464-Разни трансфери исплатено е вкупно 94.221,00 ден, од кои за пензионирање на вработен исплатено е 62.814,00 ден. а за смрт на член на фамилијата на вработен 31.407,00 ден.

- Од конто 480190 - Купување на друга опрема е исплатено 848.940,00ден. за набавка на ДВР во износ од 16.000,00 денари, еден компјутер со монитор, лап топ и 4 ТВ во износ од 242.940,00 и 33 витрини за изложбените простории на Музејот (археолошко одделенеи и Спомен куќа на Кочо Рацин) во износ од 590.000,00 ден.

Од нереализирани финансиски средства во 2022 година 5.955.913,00 денари ќе се инкорпорираат во финансиските планови за 2023 година во текот на годината и ќе се искористат наменски за потребите на музејот.

**Локална установа**
**Народен музеј Велес**
**директор**

м-р Ангел Коруновски

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЛОКАЛНАТА УСТАНОВА НАРОДЕН МУЗЕЈ ОД ВЕЛЕС ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ЖИРО СМЕТКА 7110109393 787 14

| Ред. број | Приходи и трошоци во работењето | Износ |
|---|---|---|
| | **I .Приходи**<br>**723412- Приходи од влезници 292.931,00** | **292.931,00** |
| | **II.Трошоци**<br>**Разликата од 281.067,00 се пренесува како салдо-пренесени приходи за наредна година** | **11.864,00** |
| 1. | **421-Комунални услуги**<br>**421320-Телефон и телефакс 826,00** | **826,00** |
| 2. | **426-Други тековни расходи**<br>**426210-Расходи за репрезентација 490,00**<br>**426410-Објавување на огласи 4.248,00**<br>**426990 -Други оперативни трошоци 6.300,00** | **11.038,00** |

**Образложение за жиро сметката 7110109393787-14**

Локалната установа Народен музеј Велес во тековната 2022 година покрај сметката на наменски дотации ја користеше и сметката на сопствен приходи. Во текот на 2022 година на сметката на сопствени приходи вкупно се остварени приходи од влезници 292.931,00 ден. од кои пренесено салдо од 2021 год. се 271.251,00денари, т.е остварени приходи во 2022 година се 21.680,00 ден.

За реализирање на програмата на музејот беа потрошени средства од сопствената сметка во износ од 11.864,00 ден. за следниве исплати:

Од конто 421-Комунални услуги исплатено е 826,00 ден. за телефон.

Од конто 426- **Други тековни расходи** искористени се 11.038,00 ден. следниве намени: за трошоци за репрезентација исплатено е 490,00 ден., за објавување на огласи исплатено е 4.248,00 ден. и за провизија за три жиро сметки исплатено е 6.300,00 ден.

Локална установа Народен музеј Велес
директор

.................................

Ангел Коруноски

ЛОКАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЛОКАЛНАТА УСТАНОВА НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ЖИРО СМЕТКА 18001009393 603 10**

| Ред. број | Приходи и трошоци во работењето | Износ |
|---|---|---|
| I . | Приходи од буџет по проекти<br>741120-Конзервација и изработка на проект на нузмизматичката збирка 70.078,00<br>741120- Изработака на Елаборат за валоризација на збирката камени споменици 40.000,00<br>741120-Самостојна изложба на слики на Коле Манев 77.992,00<br>741120- Самостојна изложба на Бранкица Јордановска 20.000,00<br>741120- Изложба на Сали Ертунџ 20.000,00<br>741120- Групна изложба на дела на ликовни уметници од Велес 28.125,00<br>741120- Увид и документирање на движен материал -Икони од Зоографот Крсте од Велес 59.946,00<br>741120- Самостојна изложба на Антонио Јаневски 8.056,00<br>741120- Изложба на слики на Ангелина Муковска и Владо Муковски 10.500,00<br>741120- Изложба на карикатури на Миле Манчевски 9.000,00 | 343.697,00 |
| II. | Трошоци | 343.697,00 |
| 1. | 420- Патни и дневни трошоци<br>420120-Патни трошоци 460,00 | 460,00 |
| 2. | 421-Комунални услуги<br>421410-Горива и масла 10.000,00<br>421430-Транспорт на стоки 2.832,00 | 12.832,00 |
| 3. | 423- СИ,алати др. материјали<br>423110- Канцелариски материјали 4.640,00<br>423210- Материјали за АОП 1.799,00<br>423720-Ситен инвентар 13.299,00<br>423990- Други материјали 1.630,00 | 21.368,00 |
| 4. | 425-Договорни услуги<br>425920-Услуги за копирање,печатење и издавање 105.480,00<br>425990- Други договорни услуги 188.474,00 | 293.954,00 |
| 5. | 426-Други тековни расходи<br>426210 -Расходи за репрезентација 3.383,00<br>426990 - Други оперативни трошоци 11.700,00 | 15.083,00 |

**Образложение за жиро сметката 180100109393 603 10**

Во текот на изминатата 2022 година се реализираа следниве проекти:

## 1. КОНЗЕРВАТОРСКИ ИСТРАЖУВАЊА И ИЗРАБОТКА НА КОНЗЕРВАТОРСКИ ПРОЕКТ НА НУМИЗМАТИЧКАТА ЗБИРКА НА ЛУ НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС

Проектот „Конзерваторски истражувања и изработка на Конзерваторски проект на Нумизматичката збирка на ЛУ Народен музеј Велес" е финансиран од страна на Министерството за култура како дел од Годишната програма за финансирање проекти од национален интерес во културата од обласат на недвижното, движното и нематеријалното културно наследство за 2022 година. Врз основа на тоа е склучен Договор за учество во финансирање проекти од национален интерес во областа на **музејската дејност** за 2022 година (Акт бр. 31-3861/2 од 07.04.2022). Проектот е реализиран со средства во висина од 70.078,00 денари согласно Решение за преведување средства во висина од 70.300,00 денари (Акт. Бр. 31-3861/7 од 08.05.2022; Наш број 08-56/4 од 27.05.2020).

Со цел да се постигне поголема ефикасност во рамките на непосредното истражување и изработка на Конзерваторскиот проект што претставува и основен параметар на проектот добиените финансиски средства се искористени исклучително за намените кои се наведени во член 2 од Договор за учество во финансирање проекти од национален интерес во областа на **музејската дејност** за 2022 год. по следниот редослед:

| Ред. бр. | Намена | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Услуги од трети лица (Стручен тим - овластен конзерватор и стручен соработник) | 57.778,00 |
| 2. | Набавка на АОП опрема и опрема за документација | 8,600,00 |
| 3. | Потрошен материјал | 3.700,00 |
| | **ВКУПНО** | **70.078,00** |

Целта на овој проект се базираше на изведба на конзерваторските истражувања и изработка на Конзерваторски проект на монетите од Нумизматичката збирка на ЛУ Народен музеј Велес кои досега не биле предмет на конзерваторски третман. Според ова со проектот беа опфатени сите монети од Нузмизматичката збирка кај кои е потребна непосредна заштита и соодветна документација согласно законските регулативи. Поаѓајќи од оваа ситуација предмет на истражувањето беа **1219 монети** изработени од бронза и сребро кои хронолошки припаѓаат на античкиот период (II век п.н.е. – III век од н.е.), доцноримскиот односно доцноантичкот период (IV-VI/VII н.е.) и средновековен период (IX – XV н.е.).

Согласно *Оперативниот и финансиски план за користење на буџетските средства (бр. 08-56/3 од 30.03.2021)* овој проект се реализираше во периодот јуни – ноември во неколку етапи кои се одвиваа истовремено согласно динамиката за евиденција на монетите и ангажманот на надворешните соработници:

Како резултат на конзерваторските истражувања и изработката на Конзерваторскиот проект беа изработени сите потребни анализи на секоја поединечна монета, а кои вклучуваа:

- утврдување на автентичност и јасен опис на целокупниот материјал;
- дефинирање на применетата технологија и техника на изработка на самите предмети;
- идентификација на материјалните карактеристики на предметниот материјал;
- утврдување на зачуваноста, идентификација на степенот на оштетеност на наодите со дефинирање на формирани наслаги на материјал, присутните корозивни продукти и деградираните слоеви;
- прифатливост на материјали кои би се користеле во конзервацијата, со соодветната примена на технологиите и техниките за непосредна заштита; и
- добивање и нови податоци, појасна слика за значењето на овој материјал, како дел од збирката на музејот.

Со реализација на непосредната заштита на монетите согласно Конзерваторскиот проект монетите кои ги задоволуваат материјалните и естетските вредности согласно критериумите за музејски експонати, во иднина ќе станат составен дел на археолошката поставка во музејот, додека останатите ќе се депонираат во депо и ќе се презентираат пред пошироката јавност на повремени изложби, стручни - научни или популарни публикации. Исто така, согласно законските регулативи со конзервација на монетите ќе се озвможи изработка на Елаборати за валоризација на музејски збирки кои произлегуваат од целокупниот фундус на Нумизматичката збирка и за таа цел Музејот има конкурирано во рамки на Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес за 2023 година.

## 2.ИЗРАБОТКА НА ЕЛАБОРАТ ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ЗБИРКАТА КАМЕНИ СПОМЕНИЦИ НА ЛОКАЛНАТА УСТАНОВА НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС

Проектот „Изработка на Елаборат за валоризација на Збирката камени споменици на Локалната установа Народен музеј Велес“ е финансиран од страна на Министерството за култура како дел од Годишната програма за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на недвижното, движното и нематеријалното културно наследство за 2022 година. Врз основа на тоа е склучен Договор за учество во финансирање проекти од национален интерес во областа на **<u>музејската дејност</u>** за 2022 година (Акт бр. 31-3861/2 од 07.04.2022). Проектот е реализиран со средства во висина од

40.000,00 денари согласно Решение за преведување средства во висина од 40.000,00 денари (Акт. Бр. 31-3861/7 од 08.05.2022; Наш број 08-56/4 од 27.05.2020).

Со цел да се постигне поголема ефикасност во рамките на изработката на Елаборатот, согласно утврдените критериуми за изработка на ваков вид проекти, добиените финансиски средства се искористени исклучително за намените кои се наведени во член 2 од Договор за учество во финансирање проекти од национален интерес во областа на **музејската дејност** за 2022 година по следниот редослед:

| **Ред. бр.** | **Намена** | **Износ** |
|---|---|---|
| 1. | Услуги од трети лица (стручен тим) | 33.000,00 |
| 2. | Услуги за печатење и копирање (изработка на фотографии на движен археолошки материјал) | 7.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **40.000,00** |

Целта на предложениот проект се базираше на неколку основи кои генерално вклучуваа евиденција и вреднување/валоризација на камените споменици врз следниве основи:

- Евиденција и документација на дел од културните добра во сопственост на ЛУ Народен музеј Велес;
- Создавање на датотека на камени споменици; и
- Соодветно вреднување на збирката согласно Правилникот за критериумите, условите и начинот на вршење на валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство (Службен весник на РСМ бр. 44/2021).

Со реализација на овој проект се добија следниве резултати:

- Целосна евиденција и документација на камените споменици;
- Соодветно вреднување на збирката „Камени споменици на ЛУ Народен музеј - Велес“; и
- Можност за понатамошна популаризација и научна обработка на спомениците.

Во моментот на доставување на овој извештај *Елаборатот за валоризација на Збирката камени споменици на ЛУ Народен музеј – Велес* доставен е до Управата за заштита на културното наследство на ревизија и стручен увид.

## 3.САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ НА КОЛЕ МАНЕВ „СПОКОЈ-НЕСПОКОЈ

Промотор на изложбата е писателот-поет Василис Папас од р. Грција, симултан превод, Димитриос Иоанну. Изложбата се состоеше од нови четириесет дела изработени во техника масло на платно, во различни ликовни формати. Изложбата беше посетена од бројна публика, особено од помладата генерација и новинари од градот.

Пред велешката публика овој еминентен македонски автор го претстави својот последен циклус „Спокој Неспокој“ со четириесет дела изработени во повеќе различни формати во техника масло на платно. Со оваа изложба велешката публика имаше голема можност директно да се запознае со ликовната вредност на делата на Коле Манев. Неговото присуство во нашите галериски простор беше значаен ликовен настан за нашиот град Велес бидејќи многу малку имаме прилика да преставуваме вакви еминентни македонски ликовни автори.

Проектот е прифатен од страна на Министерството за култура како дел од Годишната програма за остварување на проекти од национален интерес во културата за 2022 година, со одобрени средства во висина од 96.000,00 денари, доделени по проектот Изложба на слики „Спокој Неспокој“ од Коле Манев, избран на Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2022 година, со Решение на министерот за култура УП1-бр.22-3577/2021 од 23.02.2022.Согласно одредбите наведени во Договорот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн за 2022 година, склучен помеѓу Министерството за култура на Република С. Македонија и ЛУ Народен музеј Велес, ваша врска Акт бр. 23-4233/2 од 06.05.2022, наша врска Акт бр. 08- 57/2 од 07.04.2022 година, ЛУ Народен музеј Велес, средствата согласно намените наведени во Договорот и согласно со Оперативниот и финансиски план за користење на буџетски средства за реализација на проекти од национален интерес во културата Акт бр. 08-57/3 од 07.04.2022, Народен музеј Велес, ваша врска Акт бр. 23-4233/2 од 06.05.2022, наша врска Акт бр. 08- 57/2 од 07.04.2022 година, со средствата од првиот дел добиени според Решение за преведувања на средства Акт. Бр 23-4233/4 од 21.07.2022 наша врска Акт. Бр. 08-57/5 од 22.08.2022 во висина од 48.000,00 денари, од првиот дел се покрија трошоците за следниве намени:

| **Ред. бр.** | **Намена** | | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1. | Транспортни трошоци | | 6.832,00 |
| 2. | Изработка на ЦИП | | 600,00 |
| 3. | Печатење на каталог<br>Печатење на плакати | 38.063,00<br>1.956,00 | 40.019,00 |
| 4. | Договорни услуги –<br>- договор со авторот<br>-договор со промотор | <br>13.333,00<br>3.333,00 | 16.666,00 |
| 5. | Графичка подготовка на каралог за изложба | 6.490,00 | 6.490,00 |
| 6. | Озвучување на изложбата | 2.000,00 | 2.000,00 |
| 7. | Расходи за репрезентација | 1.585,00 | 1.585,00 |
| 8. | Канцелариски материјал | 3.800,00 | 3.800,00 |
| | | **ВКУПНО** | **77.992,00** |

## 4. САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА БРАНКИЦА ЈОРДАНОВСКА

Бранкица Јовановска, визуелен уметник, се претстави пред велешката јавност со нејзината изложба „Соочување“, авторката се преставуви со 21 дело, изработени во колаж.

Портфолиото на младиот автор Бранкица Јордановска нуди широк дијапазон на техники и дела кои во текот на својот досегашен краток, но плоден творечки период ги има реализирано. Од графика и акварел, до масло на платно и акрил. Од изработка на мурали и скулптури од железен одпад до костим и сценографија за театарски претстави. Основната, појдовна точка при истражувачкиот процес е комбинирање техники и формати на изведба на делата. Како основа за старт на процесот на продукција користи техниката акварел, како најтешко совладлив медиум во сликарството, за потоа да се комбинира со други техники, истражувајќи ги границите на можностите на еден автор да креира дела.

Проектот е прифатен од страна на Министерството за култура како дел од Годишната програма за остварување на проекти од национален интерес во културата за 2022 година, со одобрени средства во висина од 41.250,00 денари, доделени по проектот Самостојна изложба на Бранкица Јордановска, избран на Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2022 година, со Решение на министерот за култура УП1-бр.22-3602/21 од 23.02.2022.

Согласно одредбите наведени во Договорот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн за 2022 година, склучен помеѓу Министерството за култура на Република С. Македонија и ЛУ Народен музеј Велес, ваша врска Акт бр. 23-4238/2 од 06.05.2022, наша врска Акт бр. 08- 66/2 од 08.04.2022 година,

ЛУ Народен музеј Велес, средствата согласно намените наведени во Договорот и согласно со Оперативниот и финансиски план за користење на буџетски средства за реализација на проекти од национален интерес во културата Акт бр. 08-66/3 од 08.04.2022, со средствата од прվиот дел добиени според Решение за преведувања на средства Акт. Бр 23-4238/4 од 14.09.2022, наша врска Акт. Бр. 08-66/5 од 21.09.2022 во висина од 20.000,00 денари од првиот дел се покрија трошоците за следниве намени: За Печатење: ЦИП 600,00; печатење на каталог 18.900,00; коктел 500,00ден. Вкупно 20.000,00.

| **Ред. бр.** | **Намена** | | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на ЦИП | | 600,00 |
| 2. | Печатење на каталог | 18.900,00 | 18,900,00 |
| 3. | Расходи за репрезентација | 500,00 | 500,00 |
| | | **ВКУПНО** | **20.000,00** |

## 5. САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ НА САЛИ ЕРТУНЦ „ТЕХНОЛОШКИ ПРИМИТИВЦИ“

Тој пред велешката јавност се преставуви со 16 дела, графики во боја, изработени во линорез техника. Повеќето од графиките се комбинирани со други техники кои се неконвенционални за графиката.

„ТехноЛОШКИ примитивци“ -„ПРИМИТИВНИ ГРАФИТИ“ Од еден мини експеримент со комбинирање на традиционалните техники на уличната уметност, се вроди една цела серија на цртежи, кои што се инспирирани од примитивните пештерски цртежи и од љубопитноста на уметникот.

Потребата за споделување на секојдневието е древна вежба и сè уште се практикува. Па, начинот на практикување останува ист. Тоа е една од првите сличности помеѓу примитивните и модерните општества: користење на ѕидот како портал за споделување (шернување) на информации. Но, технолошката разлика е огромна, па тука започнува проблемот или забавата.

Проектот е прифатен од страна на Министерството за култура како дел од Годишната програма за остварување на проекти од национален интерес во културата за 2022 година, со одобрени средства во висина од 41.250,00 денари, доделени по проектот Изложба на слики „техно ЛОШКИ примитивци“ од Сали Ертунч, избран на Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2022 година, со Решение на министерот за култура УП1-бр.22-3595/2021 од 23.02.2022.

Согласно одредбите наведени во Договорот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата од обласга на визуелните уметности, архитектура и дизајн за 2022 година, склучен помеѓу Министерството за култура на Република С. Македонија и ЛУ Народен музеј Велес, ваша врска Акт бр. 23-4235/2 од 06.05.2022, наша врска Акт бр. 08-64/3 од 08.04.2022 година, ЛУ Народен музеј Велес, средствата согласно намените наведени во Договорот и согласно со Оперативниот и финансиски план за користење на буџетски средства за реализација на проекти од национален интерес во културата, Акт бр. 08-64/2 од 08.04.2022 со средствата од првиот дел добиени според Решение за преведувања на средства Акт. Бр 23-4235/4 од 14.09.2022, наша врска Акт. Бр. 08-64/5 од 21.09.2022 во висина од 20.000,00 денари од првиот дел се покрија трошоците за следниве намени:

| **Ред. бр.** | **Намена** | | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на ЦИП | | 600,00 |
| 2. | Печатење на каталог | 18.900,00 | 18,900,00 |
| 3. | Расходи за репрезентација | 500,00 | 500,00 |
| | | **ВКУПНО** | **20.000,00** |

## 6.ГРУПНА ИЗЛОЖБА НА ДЕЛА НА ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ ОД ВЕЛЕС

На изложбата со свои дела учествуваа ликовните уметници, Живко Пренцов, Александар Јовановски, Спасе Перовски и Илко Стојановски. Дел од учесниците поради објективни причини го откажаа учеството на изложбата.

Проектот е прифатен од страна на Министерството за култура како дел од Годишната програма за остварување на проекти од национален интерес во културата за 2022 година, со одобрени средства во висина од 56.250,00 денари, доделени по проектот Самостојна изложба на Бранкица Јордановска, избран на Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2022 година, со Решение на министерот за култура УП1-бр.22-3602/21 од 23.02.2022.

Согласно одредбите наведени во Договорот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн за 2022 година, склучен помеѓу Министерството за култура на Република С. Македонија и ЛУ Народен музеј Велес, ваша врска Акт бр. 23-4238/2 од 06.05.2022, наша врска Акт бр. 08- 66/2 од 08.04.2022 година. ЛУ Народен музеј Велес, средствата согласно намените наведени во Договорот и согласно со Оперативниот и финансиски план за користење на буџетски средства за реализација на проекти од национален интерес во културата Акт бр. 08-65/4 од 16.05.2022, со средствата од првиот дел добиени според Решение за преведувања на средства Акт. Бр 23-4226/4 од 05.10.2022, наша врска Акт. Бр. 08-65/6 од 18.10.2022 во висина од 28.125,00 денари од првиот дел се покрија трошоците за следниве намени:

| **Ред. бр.** | **Намена** | | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на ЦИП | | 600,00 |
| 2. | Печатење на каталог<br>Печатење на плакат | 19.950,00<br>1.222,00 | 21.171,00 |
| 3. | Расходи за репрезентација | 798,00 | 798,00 |
| 4. | Авторски надомест за дизајн | 5.556,00 | 5.556,00 |
| | | **ВКУПНО** | **28.125,00** |

## 7. УВИД И ДОКУМЕНТИРАЊЕ НА ДВИЖЕН МАТЕРИЈАЛ - ИКОНИ ОД ЗООГРАФОТ КРСТЕ ОД ВЕЛЕС

ЛУ Народен музеј Велес, во рамките на своите програмски активности за 2023 год., во областа на музејската дејност и заштитата, одделението за Историја на уметноста го реализираше Проектот: Увид и документирање на движен материјал, икони од зографот Крсте од Велес. Се изврши Увид и документација на движен материјал, икони од зографот Крсте од Велес, во дел од сакрални објекти во Повардарската Епархија во кои имавме

сознанија дека постојат икони од Крсте Зограф, во периодот од  од 14-16 и 22-24 јуни 2022 година. Во текот на 6 дена теренски истражувања Увидот со фотографирање и документирање се изврши во 12 цркви во руралните средини,  во црквите Св. Никола с. Уланци; Св. Атанасиј Чичево; Св. Никола во с.Ваташа; Св. Св. Архангел Михаил, с. Бошава; Св. Димитрија во с. Смоквица;  Св. Спас во с. Ораовец; Св. Атанасиј во с. Војница; Св. Петар и Павле во с. Папрадиште; Св. Никола во с. Оморани; Св. Атанасиј во с. Новачани; Св. Никола во Башино село; Св. Атанасиј. С. Богомила. Истражувањето во црквите во градот се одвиваше според слободните термини на раководителот на проектот кој во периодот од јули до декември ја вршеше должноста на в.д. директор на музејот, во црквите: Св. Пантелејмон, Велес, Св. Спас, Велес, Св. Димитрија , Велес, Св. Ѓорѓи, Велес

Следеше детална обработка на целокупната фото документација и документирање на собраните материјали, кои ќе бидат искористени за понатамошна стручна и научна обработка на истражениот материјал, како и на изработка на приоритетна листа на икони кај кои е утврдено дека иконите имаат значително оштетување, со цел да се предложат за конзервација, да се заштитат од понатамошно уништување, (бидејќи некои од црквите се во веќе напуштени села и делумно руинирани). Од увидот и обработката на документацијата се констатираше дека во наведените цркви се атрибуирани икони изработени од Крсте зограф, а дел со соработници.

ЛУ Народен музеј, Велес во рамките на своите програмски активности согласно со Оперативниот и финансиски план  за користење на буџетски средства за реализација на проекти од национален интерес во културата во висина од 60.000,00,  според Договорот и Финансискиот и оперативен план се покрија трошоците за следните намени:

| **Ред. бр.** | **Намена** | | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1. | Транспортни трошоци -гориво | | 6.000,00 |
| 2. | Договорни услуги –<br>- надомест за теренска работа на стручен соработник 16.813,00<br>- надомест за теренска работа на раководител на проект 12.613,00<br>-авторски хонорар  за завршена обработка на дигиталниот материјал/фото<br>- авторски хонорар  за документација<br>- авторски хонорар  за документација | <br><br><br><br><br>8.103,00<br>5.667,00<br>4.722,00 | 47.918,00 |
| 3. | Графичка подготовка на каралог за изложба | 6.490,00 | 6.490,00 |
| 4. | Набавени наочари ,рефлектор и полнач | 3.189,00 | 3.189,00 |
| 5. | Канцелариски и други материјали | 2.840,00 | 2.840,00 |
| 6. | Канцелариски материјал | 3.800,00 | 3.800,00 |
| | | **ВКУПНО** | **59.946,00** |

**8.САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ  АНТОНИО ЈАНЕВСКИ**

Изложбата се реализираше во 2021 година, а во 2022 година беше исплатен вториот дел од обврските во износ од 8.056,00 ден.

| **Ред. бр.** | **Намена** | | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1. | Договорни услуги –<br>- договор со авторот | <br>8.056,00 | 8.056,00 |
| | | **ВКУПНО** | **8.056,00** |

## 9.САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ НА АНГЕЛИНА СПИРОВСКА МУКОВСКА И ВЛАДО МУКОВСКИ- „МЕТАКОСОМИЈА“

Изложбата се реализираше во 2021 година, а во 2022 година беше исплатен вториот дел од обврските во износ од 10.500,00 ден.

| **Ред. бр.** | **Намена** | | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1. | Договорни услуги –<br>- договор со авторот | <br>10.500,00 | 10.500,00 |
| | | **ВКУПНО** | **10.500,00** |

## 10.САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА КАРИКАТУРИ „КОВИД 19 И ПРЕВЕНЦИЈА ОД ВИРУСОТ“ ОД МИЛЕ МАНЧЕВСКИ

Изложбата се реализираше во 2021 година, а во 2022 година беше исплатен вториот дел од обврските во износ од 9.000,00 ден.

| **Ред. бр.** | **Намена** | | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1. | Договорни услуги –<br>- договор со авторот | <br>9.000,00 | 9.000,00 |
| | | **ВКУПНО** | **9.000,00** |

Локална установа Народен музеј Велес
директор

Ангел Коруноски

ЛОКАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС